Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 01-303/1
07.10.2021 год.
СКОПЈЕ



# КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## СТРАТЕШКИ ПЛАН
## 2021-2026

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ..... 3
1. ВОВЕД ..... 5
2. АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ ..... 7
2.1 Институции, влијание и интереси ..... 7
2.1.1 Одредување на засегнати страни ..... 7
2.1.2 ПЕСТЛЕ анализа - анализа на факторите на опкружувањето ..... 9
2.1.3 SWOT анализа (ПСМЗ) ..... 10
2.2 КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ..... 12
2.2.1 Надлежности на КСЗД ..... 12
2.2.2 Членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ..... 14
2.2.3 Стручна служба на Комисијата ..... 15
2.2.4 Актуелна состојба ..... 16
3. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ ..... 20
4. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 2021 – 2026 ..... 23
5. ПРОГРАМИ ..... 26

# ПРЕДГОВОР

Почитувани,



Првиот состав на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, основана согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. весник на РСМ бр. 258/30.10.2020) беше избран од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 25 јануари 2021г. Првата неформална средба на новоизбраните членови се случи на 1 февруари 2021 во просториите на МТСП, на покана на министерката за труд и социјална политика. На таа средба членовите на Комисијата се соочија со два непобитни факти: од една страна, дека во рацете имаат Закон што им нуди одлична можност да се реализираат како ефикасно колективно тело кое ќе работи на промоција, заштита и превенција на еднаквоста, човековите права и недискриминацијата и од друга, дека се нова институција која нема свои простории, нема стручна служба и вработени, ниту дефинирани административни процедури за регистрирање како нов субјект во државниот правен систем.

Но токму ваквите предизвици дополнително го подигнаа нашиот ентузијазам и енергија одлучно да се впуштиме во една, навидум невозможна мисија: буквално од темел да градиме нова институција која ќе промовира нов пристап во своето работење и извршување на законските надлежности. Токму овие предизвици нѐ поврзаа како тим кој има заедничка цел и визија: новата Комисија за спречување и заштита од дискриминација да ја втемелиме како институција -двигател на позитивни општествени промени што ќе водат кон суштествена еднаквост, институција - промотор на човековите права и еднаквост и институција што ќе обезбедува ефикасна заштита од сите видови дискриминација. Институција што ќе биде отворена, транспарентна и достапна за

секого, институција што со својот интегритет и кредибилитет ќе ужива доверба кај граѓаните. Институција што посветено ќе работи на зајакнување на јавната свест во насока на создавање општествени услови што ќе развиваат култура на толеранција и почитување на различностите. Институција што ќе биде факторизирана како иницијатор на промени што водат кон поправедно и поправично општество – општество каде сите луѓе се еднакви и ги уживаат истите права и слободи.

Водени од ваква заедничка визија, свесни за сопствената одговорност и полни со ентузијазам и позитивна енергија, секој успешен чекор што го направивме во овие пет месеци постоење, го доживеавме како вистински мал успех и чекор кон остварување на нашата визија. Се радувавме на секоја подадена рака за поддршка: Владата ни додели пристапни простории на трајно користење, Британската амбасада ни обезбеди стручна поддршка од страна на ЦУП при креирањето на основните акти на институцијата, Мисијата на ОБСЕ ни обезбеди стручна помош при брендирањето на Комисијата и креирањето на иновативен, технолошки напреден софтвер за работа на предмети, Мрежата за заштита од дискриминација ја обезбеди првата базична обука на членовите на КСЗД при работа на предмети, Канцеларијата на ООН во Скопје организираше онлајн донаторска конференција и претставување на Комисијата пред меѓународните организации и амбасади во Скопје, Македонскиот центар за меѓународна соработка ни даде поддршка при изготвувањето на првата промотивна кампања под наслов: „Фудбалот против дискриминацијата".

Затоа и со гордост можеме да кажеме дека првите пет месеци од работата на Комисијата беа месеци кои не треба да се заборават. Иако пред нас се уште многу нерешени предизвици – адаптирање на новите простории и опремување со мебел и средства за работа, усвојување на стратешките документи и акти за работа на Комисијата – продолжуваме со исто темпо и со ист ентузијазам да ја градиме оваа институција. Или како што често знае да каже нашиот колега-член на Комисијата: „Се чувствувам како да сум дел од тим кој гради историја".

Со почит,

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Весна Бендевска

# 1. ВОВЕД

Пред вас се наоѓа Стратешкиот план на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму КСЗД) 2021 – 2026, документ во кој се дефинирани основните цели и насоки кои се планираат да се реализираат во периодот кој претстои како и визијата, мисијата и вредностите според кои ќе се води.

Стратешкиот план на КСЗД е документ кој утврдува генерални насоки, цели и приоритети кон кои се стреми оваа Комисија, мерки кои предвидува да ги преземе во насока на нивно остварување како и индикаторите кои ќе укажуваат дали истите се реализирани. Стратешкиот план ги вклопува плановите на областите на дејствување на КСЗД со плановите за нејзината внатрешната организација, а имајќи ги во предвид финансиските и човечки капацитети и тековните состојби во Републиката.

Во неговото изготвување беа вклучени именуваните членови на КСЗД, дополнети со претставници од граѓански и меѓународни организации на кои фокусот на делување им се човековите права, борба против дискриминацијата и маргинализираните групи. Во подготвувањето на Стратешкиот план се земаа во предвид актуелните состојби на дискриминација во државата, позицијата која се стреми КСЗД да ја постигне во општеството.

Стратешкиот план е во согласност со надлежностите на КСЗД кои произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Реализацијата на стратешките цели и приоритети ќе зависи директно од посветеноста и професионалната работа како на членовите на Комисијата, така и на нејзината стручна служба. Остварувањето на целите исто така зависи и од соработката со државните институции и локалната самоуправа во насока на остварување на своите основни надлежности.



# АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ

# 2. АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ

На овој документ се работеше поаѓајќи од фактот дека основните елементи за добра стратегија се доказите и изводливоста за реализирање на истата. Формирањето на стратешката рамка се правеше врз основа на визијата односно конечната долгорочна цел кон која КСЗД се стреми и која е реална за остварување.

За да се дојде до финалниот текст на Стратешки план беше направена поширока анализа на актуелните состојби и фактори кои влијаат на работата на КСЗД и обратно. Анализата беше направена за да се добие јасна слика за средината на дејствување на КСЗД, капацитетите со кои ќе располага, предизвиците со кои може да се соочува и нивно надминување. Како анализа се користеше ПЕСТЛЕ, СВОТ евалуација и Анализа на институции, влијание и интереси. Исто така се анализираа глобалните случувања и приоритетите на ЕУ и приоритетите на државата.

## 2.1 Институции, влијание и интереси

### 2.1.1 Одредување на засегнати страни

При одредувањето на засегнати страни се разгледуваше можното влијание на различни институции, групи и лица во постигнувањето на поставените цели и очекуваните резултати со позитивен и негативен можен исход. Исто така се разгледуваше нивниот интерес како и во која насока се движи нивниот интерес.


ВИСОКО ВЛИЈАНИЕ
НИЗОК ИНТЕРЕС
ВИСОК ИНТЕРЕС
Постојана анкетна комисија за заштита на човековите права (Собрание)
Општини
МЗ
Инспекторати
МФ
МВР
Сектор за внатрешна контрола (МВР)
Медиуми
Претседател на Собрание
ЈО
Верски заедници
Училишта
Бизнис заедница
Академија за судии и јавни обвинители
Факултети
Агенција за вработување
МЕ/ МЗШВ / МТВ
Собрание
Уставен суд
Влада
Интерпарл. Група (Собрание)
ГС Собрание
Врховен суд
ДИК
Комисија за еднакви можности (Собрание)
Апелација
Центри за социјални работи
Основни судови
Донатори / ЕУ, амбасади
Политички партии
СЕП
УН, ОБСЕ, СоЕ
Студентски правобранител
АВМУ
Претседател на РСМ
Здруженија и иницијативи против човекови права
Комисија за односи меѓу верските заедници
Здружение на новинари СЕММ
Синдикати
Национално координативно тело за еднаквост и недискриминација
МНР
Советник во Влада за ромски прашања
НИСКО ВЛИЈАНИЕ

## 2.1.2 ПЕСТЛЕ анализа - анализа на факторите на опкружувањето

ПЕСТЛЕ анализата се однесува на надворешните фактори кои би влијаеле на процесот на носење одлуки на КСЗД. Поконкретно се делат на правни, економски, општествени, технолошки, правни и од аспект на животна средина.

| ПОЛИТИЧКИ | ЕКОНОМСКИ | СОЦИЈАЛНИ / ОПШТЕСТВЕНИ | ТЕХНОЛОШКИ | ПРАВНИ | ЖИВОТНА ОКОЛИНА |
|---|---|---|---|---|---|
| • Промена на власт<br>• Висок степен на корупција<br>• Можност/обиди за партизација особено на стручна служба<br>• Слаби институции<br>• Партизираност и непрофесионалност на институциите<br>• Жалби за политичка дискриминација | • Немање одобрување на Буџетот<br>• Ребаланс на Буџет<br>• Инфлација<br>• Објективна неможност да се реализира Буџетот<br>• Поскапувања<br>• Непредвидливи судски трошоци<br>• Кризни состојби на државата кои бараат итна реорганизација на финансиите | • Сиромаштија на граѓани<br>• Популистички медиуми или организации<br>• Незадоволство од одлуките и делувањето на КСЗД<br>• Појава на нови негативни трендови на повреди на човекови права и дискриминација<br>• Недоверба на граѓаните<br>• Лажни вести | • Предизвици за заштита на дигиталните права<br>• Немање доволно ИКТ капацитети внатре во службата на КСЗД<br>• Хакерски напади<br>• Напади на имиџот преку социјални медиуми | • Бавни процеси на усогласување со ЗСЗД и со ЕУ acquis<br>• Немање доволно капацитети за следење на измени на законите<br>• Измени на ЗСЗД<br>• Недореченост на КСЗД<br>• Комплицирани административни процедури за ангажирање на стручната служба како и реализирање на јавни набавки | • Влијание на животната средина врз општественото раслојување<br>• Голема потрошувачка на хартија, средства потребни за превоз |

## 2.1.3 SWOT анализа (ПСМЗ)

Во SWOT анализата се разгледуваа силните и слабите страни како внатрешна анализа и можностите и заканите како надворешна анализа како и нивно користење при креирањето на стратегијата. Потпирајќи се на силните страни за искористување на можностите и надминување на заканите, како и отстранување на слабите страни за да се искористат можности и да се избегнат заканите имајќи предвид дека со јасно согледување на состојбите може да се направи подобро планирање. Треба да се има предвид дека КСЗД е штотуку воспоставено тело во оваа форма и покрај реализирањето на своите надлежности, потребно е и институционално и организациско јакнење.

| СИЛНИ СТРАНИ | | МОЖНОСТИ | |
|---|---|---|---|
| • Флексибилност<br>• Адаптибилност<br>• Висока мотивираност<br>• Професионалност<br>• Интегритет и независност<br>• Транспарентност и отчетност<br>• Ефективност и ефикасност<br>• Кохерентен состав<br>• Разновидност на тимот | • Тимска работа<br>• Простории за работа<br>• Тековно работење на акти за систематизација и Стратешки план<br>• Институционална меморија<br>• Проширена надлежност<br>• Пристапна локација<br>• Капацитет за лобирање<br>• Етнички инклузивно работење на КСЗД | • Процеси за европска интеграција<br>• Усогласување со европска легислатива<br>• Преземање на европски практики<br>• Соработка и поддршка од граѓански организации и невладини организации<br>• Соработка со дополнителни фондови | • Соработка со институции на локално, национално и меѓународно ниво<br>• Промоција на човекови права и позитивни вредности<br>• Надградба на знаење |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | | **ЗАКАНИ** | |
| • Недоволно запознаена јавност за работата на КСЗД<br>• Недостаток на интерни акти<br>• Не развиен систем за собирање и обработка на податоци<br>• Недостаток на формирана стручна служба | • Потреба од зајакнување на стручната служба за специфичните потреби на КСЗД<br>• Недостаток на доверба кај граѓаните<br>• Родова не балансирано | • Сложени административни процедури<br>• Неинформираност<br>• Незаинтересираност на институциите за соработка<br>• Не добивање на поддршка на Собранието | • Немање на доволно финансиски средства<br>• Обиди за нарушување на независноста<br>• Немање на добар имиџ во јавноста |

## 2.2 КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се основа со донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ бр. 258/2020, од 24ти октомври 2020 година). Членовите на КСЗД беа избрани од страна на Комисијата за изборите и именувањата на 5ти јануари 2021 година, додека Собранието на РСМ го изгласа првиот состав на 25ти јануари 2021 година. Комисијата е самостоен и независен орган кој работи согласно своите надлежности утврдени во закон (член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација).

### 2.2.1 Надлежности на КСЗД

Надлежности на КСЗД според Законот за спречување и заштита од дискриминација се:

- презема активности за промоција, заштита и превенција за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата;
- следи спроведување на законот и да дава свои мислења и препораки;
- промовира принцип на еднаквост, право на недискриминација и справувањето со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација;
- придонесува во изготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование
- изготвува и објавува посебни и тематски извештаи за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата;
- дава општи препораки за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата и го следи нивното спроведување;
- се залага за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од областа на човековите права или за пристапување кон истите и го следи нивното спроведување;
- придонесува при изготвувањето на извештаите што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права и придонесува за спроведување на нивните препораки;
- промовира и предлага усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните

инструменти за човекови права

- иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација
- дава мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација;
- воспоставува соработката со физички и правни лица, како и со здруженија, фондации, социјални партнери за остварување на принципот на еднаквост и унапредување на спречувањето и заштитата од дискриминација
- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни и регионални организации на полето на заштита од дискриминација;
- постапува по претставки, носи мислења, препораки и заклучоци за конкретните случаи на дискриминација;
- поведува постапка за заштита од дискриминација по службена должност
- дава информации на заинтересираното лице за своите права и можности за покренување на судска или друга постапка
- го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација се до исполнување на препораките дадени од КСЗД
- се јавува како замешувач во судски постапки
- може да дејствува како пријател на судот (amicus curiae);
- за својата работа КСЗД квартално ја информира јавноста за случаите на дискриминација, ги споделува своите мислења и препораки на јавноста преку кој било медиум;
- КСЗД има можност да формира советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања, да прибира и објавува статистички и други податоци и формира бази на податоци поврзани со спречување и унапредување на заштитата од дискриминација;
- КСЗД за својата работа поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија и има обврска сите извештаи, вклучително и финансискиот извештај да ги објавува на интернет страницата на КСЗД.

Со Законот за спречување и заштита од дискриминација, КСЗД доби нови и проширени надлежности во однос на работата и надлежностите на кои беа предвидени со претходниот Закон за спречување и заштита од дискриминација кој е вон сила. Во најголем

дел, новите надлежности се во насока на информирање, едуцирање и подигање на свест како начин за спречување на дискриминацијата.

## 2.2.2 Членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Членовите на КСЗД ги избира Собранието. КСЗД е составена од претседател и шест членови. Постапката за избор на членови започнува со објавување на јавен оглас за избор објавен од Собранието. Членовите на КСЗД се избираат со мандат од пет години, со право на уште еден последователен повторен избор. Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието утврдува предлог - листа од пријавените кандидати, по претходно спроведена јавна расправа и во рок од 14 дена по истекот на рокот ја доставува до Собранието во прилог со материјал од сите доставени пријави и извештај од спроведената јавна расправа. Членовите на КСЗД треба да го одразуваат составот на општеството во целина и при изборот на членовите на КСЗД се применуваат принципите за соодветна застапеност на сите општествени групи, начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и родово балансирано учество. Исклучително важно да се истакне е критериумот за избор на член на КСЗД утврден во законот кој бара минимум седум години работно искуство од областа на човековите права од кои пет години во областа на еднаквост и недискриминација. Претходно наведеното е важно затоа што при изборот се гарантира професионалноста на челновите на комисијата и ја намалува можноста за влијанија и арбитрарност во изборот на членовите.

Исто така членовите на КСЗД имаат статус на именувани лица кои функцијата ја извршуваат професионално, неспоиво со извршување на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија како и дека имаат право на плата и други надоместоци во согласност со Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

Во насока на независност на КСЗД треба да се потенцира и финансиска независност која ја е предвидена со Законот за спречување и заштита од дискриминација, со што се зајакнува нејзината положба и работа. Покрај тоа, КСЗД има законска можност да обезбедува средства и од други извори како што се донации и грантови.

## 2.2.3 Стручна служба на Комисијата

Стручната служба на КСЗД се формира заради вршење на стручните, административните и техничките работи (член 22 од Законот). Исто така вработените во стручната служба на КСЗД се со статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите во согласност со Законот за административни службеници. Потребата од стручна служба се јавува поради зголемените надлежности на КСЗД, како и фактот дека со новиот закон членовите имаат статус на именувани лица кои функцијата ја вршат професионално со определен мандат. Стручната служба треба да биде столб на КСЗД, како за сегашниот така и за идните состави. Поради тоа е потребно да биде компетентна, ефикасна и добро образована. Ангажирање на стручната служба оди во прилог на независноста на КСЗД како и потребата од постоење на институционална меморија. Со воспоставувањето на КСЗД во 2021 година, започна и воспоставувањето на нејзината стручна служба.




Органограм на службата на КСЗД

## 2.2.4 Актуелна состојба

Прв акт на Република Северна Македонија кој ги заштитува човековите права и слободи е Уставот на Република Северна Македонија и врз основа на член 9 од Уставот: „Граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Врз основа на членот 50 од Уставот „секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд", а врз основа на член 110 алинеја 3 Уставот го заштитува човекот и граѓанинот од дискриминација по основа на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Други акти во кои се регулира заштитата на човековите права се : Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за вознемирување на работното место, Законот за работни односи, Законот за заштита на децата, Законот за социјална заштита, Законот за семејство, Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за високо образование, Законот за судовите, Законот за јавно здравје, Законот за заштита на правата на пациентите, Законот за волонтерство, Законот за здруженија на граѓани и фондации и други закони.[1]

Покрај наведената уставна и законска заштита на човекови права и слободи, еднаквоста и заштита од дискриминација, во правниот поредок на РСМ истите се заштитени и преку Европската конвенција за човекови права и други меѓународни договори, ратификувани во согласност со Уставот.

Законот за спречување и заштита од дискриминација е нов закон и со неговото донесување и стапување на сила, престана да важи Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија" бр.50/*2010*). Новиот закон обезбедува професионализација на КСЗД и пошироки законски овластувања, во насока на подобра превенција и заштита од дискриминација. Законот предвидува проширени надлежности кои се однесуваат на превентивната функција на КСЗД, подготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование, подготвување и објавување посебни и тематски извештаи за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата, давање општи препораки за одредени

[1] Извештај за имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација 2011 - 2018

прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата и следење на нивното спроведување, подготвување на извештаите што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права и придонесува за спроведување на нивните препораки, иницирање измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација, давање мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација, можноста за поведување судски постапки, вклучување како замешувач и пријател на судот во тие постапки. Споредено со текстот на претходниот закон, се овозможува проширување на основите за дискриминација (вклучувајќи ја заштитата на права на LGBTQIA заедницата како и други маргинализирани групи).

Законот за спречување и заштита од дискриминација во однос на роковите за поднесување на претставките предвидува дека истата може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога повредата била направена. Рокот во кој КСЗД носи мислење по доставена претставка е 60 дена од приемот на претставката.

Иако мислењата кои ги носи КСЗД се правно необврзувачки, од законот и произлегува обврска да поднесе барање за покренување прекршочна постапка пред надлежен суд против лицето (правно или физичко) или органот кое не постапило по мислењето и препораката на Комисијата.

Носењето на законот и воспоставувањето на Комисија е во насока на усогласување на националната со европската регулатива и секако во полза на интеграциските аспирации на нашата држава. Сепак суштината на законот и постоењето на КСЗД е во третирање на проблемот на дискриминацијата во целост преку промоција, превенција и заштита.

Во насока на реализирање на своите законски надлежности, а во прилог на подобрување на состојбата со заштита на човекови права, соработката и отвореноста на институциите значително би придонесла за намалување на дискриминацијата. Дополнително, КСЗД во својата работа треба да има комуникација и соработка со Народниот правобранител, граѓанските и меѓународните организации, а секако од големо значење е соработката и поддршка од медиумите.

Исто така, во претстојниот период КСЗД претендира да стане центар каде ќе се слеваат сите податоци за дискриминација од

институции надлежни да постапуваат по претставки како и според податоците добиени од претставките.

Воспоставувањето на КСЗД е во период на светската пандемија на КОВИД – 19 вирусот, причина поради која настанаа големи општествени промени. Овие промени доведоа до влошување на состојбите во областа на еднакво уживање на основните човекови права во земјата.

***КСЗД има визија, но и предизвик пред себе, да воспостави повисоки вредности за спречување на дискриминацијата во државата и да биде чувар на човековите права, што е комплексно да се спроведе, но е благородно и со големо значење за општествен напредок.***

# ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ



# 3. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е самостоен и независен орган кој работи во согласност со надлежностите утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во насока на реализирање на своите надлежности, афирмирање на човековите права во општеството и градење на стекнување кредибилност, КСЗД ја утврди следната визија и мисија:

## Визија

***Комисијата за заштита од дискриминација е двигател на позитивни промени за суштествена еднаквост, промоција на човекови права и елиминирање на сите видови дискриминација која ужива голема доверба кај граѓаните.***

## Мисија

***Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е независно, професионално, ефективно и ефикасно, проактивно, транспарентно и достапно тело кое одговара на потребите на граѓаните за заштита и промоција на нивните права***

## Вредности

Вредностите во смисла на работењето на КСЗД треба да ја рефлектираат нивната определба за давање на придонес во општеството во насока на заштита и промовирање на човековите слободи и права. Вредностите го формираат однесувањето, растењето и развивањето како индивидуално, така и колективно. Одлуките што се донесуваат на секојдневно ниво треба да ги одразуваат тие вредности се со цел за да се остварат индивидуалните или заеднички потреби, во овој случај општествените потреби за заштита од дискриминација. Кога се носат одлуки водени од утврдените вредности, се прави свесен избор дејствата да се секогаш насочени кон она што е важно и добро за сите и се гради внатрешна кохезија во една група.

| | |
|---|---|
| 1. **Професионалност** | КСЗД ќе работи со висок квалитет, одговорно и отчетно. Професионалноста базирана на компетентноста е една од најважните вредности и водилка во дејствувањето на КСЗД како поединечно така и заеднички |
| 2. **Транспарентност** | КСЗД се залага за транспарентност, отвореност и отчетност во работењето и со својот личен пример ги поттикнува институциите да работата согласно тие вредности |
| 3. **Достапност** | КСЗД во својата комуникација и работа ќе се залага да биде лесно пристапна за сите граѓани |
| 4. **Видливост** | КСЗД ќе се залага нејзините активности да бидат видени во јавноста, а членовите на КСЗД да се препознатливи |
| 5. **Интегритет** | КСЗД работи чесно, принципиелно, одговорно, конзистентно, базирано на стандарди и без компромис во насока на заштита на човековите права и заштита од дискриминација |
| 6. **Ефективност** | КСЗД се залага да работи на продуктивен и умешен начин што резултира во постојано постигнување на очекувани и мерливи резултати. |
| 7. **Ефикасност** | КСЗД се залага во својата работа да го постигнува најдобриот можен исход на одржлив начин, притоа доследно да се поддржува квалитетна работа. |
| 8. **Независност** | КСЗД се залага да работи без надворешни влијание од било каков вид, со верба во своите способности, компетентност, професионално искуство и добро раководење |
| 9. **Организираност** | КСЗД се залага за јасна поделеност на работните обврски како помеѓу службата така и помеѓу членовите на КСЗД |
| 10. **Активност** | КСЗД енергично и проактивно се посветува на својата работа и во остварувањето на своите надлежности |
| 11. **Непосредност** | КСЗД се залага за пресретливост и лесна комуникација со граѓаните и сите релевантни чинители во својата работа верувајќи дека само со отворен однос може да се оствари соработка |
| 12. **Самоиницијативност** | КСЗД се залага во својата работа да биде одлучна, да дејствува самостојно и независно, да презема акција кога е потребно и да има поттик да постигне резултати. |



# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 2021 - 2026

# 4. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 2021 – 2026

Во рамки на своите надлежности, КСЗД за претстојните години ги има следните приоритети и цели:

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД | |
|---|---|
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1: КСЗД има силни и стручни капацитети за борба против дискриминацијата согласно современите текови за заштита на човековите права | СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2: КСЗД има ефективна и ефикасна стручна служба и капацитет за исполнување на законските надлежности |

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Признаено национално тело за заштита од дискриминација |
|---|
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1: КСЗД е препознаена како активен чинител во општеството за превенција и заштита на дискриминација |

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД | |
|---|---|
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1: Превенирање на структурни нееднаквости и промоција на вредности за надминување на дискриминација | СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.2: Ефективна заштитна улога на претставките |

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:** Зголемена јавна свест во однос на начините на превенција и заштита од дискриминација

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5:** КСЗД остварува значајна улога и соработка на меѓународно поле и иницира ефикасно поврзување и размена на позитивни практики



# ПРОГРАМИ

# 5. ПРОГРАМИ

КСЗД во периодот од 2021 до 2026 година планира да ја реализира стратешката програма која е во функција на остварување на нејзините стратешки приоритети и цели.

Во Стратешкиот план се креирани следните програми:

1. Институционални капацитети
2. Превенција и заштита од дискриминација и постапување по претставки
3. Промоција со цел подобрување на состојбите со заштита од дискриминација
4. Меѓународна соработка

| **ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ** | |
|---|---|
| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД | |
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1: КСЗД има силни и стручни капацитети за борба против дискриминацијата согласно современите текови за заштита на човековите права | |
| **Активности и мерки кои ќе бидат спроведени во насока на реализирање на стратешкиот приоритет и цел:** | **Индикатори за успешност:** |
| 1. Подготовка на Деловник за работа на КСЗД<br>2. Поделба на одговорности по области помеѓу членовите на КСЗД | - Усвоен Деловник за работа<br>- Ефикасна и ефективна работа со јасна поделба по одговорности |
| 3. Зајакнување на капацитетите на КСЗД за планирање на активностите и ресурсите на институцијата<br>4. Континуирано учење и надградба на капацитетите на членовите на КСЗД | - Зајакнати капацитет на КСЗД<br>- Успешно и ефикасно планирање на ресурсите и активностите |
| 5. Воведување на дата база за водење евиденција на претставките и случаите | - Воспоставена дата база за евиденција и следење на случаите и претставките |
| 6. Остварување на соработка со квалитетни домашни и меѓународни експерти<br>7. Донесување на интерен акт за формирање на советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања поврзани со унапредување, спречување и заштита од дискриминација | - КСЗД има формирани советодавни тела и број на вклучени надворешни експерти |

| | |
|---|---|
| 8. Конзистентно и еволутивно одлучување, детално, квалитетно, прецизно и јасно образложување на своите решенија<br>9. Навремено решавање по претставки<br>10. Ефикасно реализирање на надлежности | - Број на случаи на вмешување на КСЗД во судски постапки<br>- Број на случаи на вклучување на КСЗД како пријател на судот<br>- Број на упатување на општи препораки по сопствена иницијатива<br>- Број на решени предмети и просечно време за нивно решавање<br>- Број на издадени општи препораки и мислења<br>- Број на завршени предмети на КСЗД |
| 11. КСЗД е работодавач со еднакви можности и услови за сите групи граѓани и маргинализирани групи | - Подготвен и објавен правилник за вработување и работни односи со кој се промовираат еднакви можности и услови за работа за сите<br>- КСЗД има преземено мерки за поедноставен и полесен пристап до КСЗД<br>- Техничка опременост на канцелариите, за олеснет пристап на лица со попреченост |

| ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ | |
|---|---|
| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД | |
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2: КСЗД има ефективна и ефикасна стручна служба и капацитет за исполнување на законските надлежности | |
| **Активности и мерки кои ќе бидат спроведени во насока на реализирање на стратешкиот приоритет и цел:** | **Индикатори за успешност:** |
| 1. Истражување и анализа на податоци релевантни за работата на КСЗД | - Формирано функционално аналитичко одделение |
| 2. Изготвување на образец за институциите за прибирање, евидентирање и обработување податоци и нивно прикажување по дискриминаторски основи | - Изготвен образец за институциите за прибирање, евидентирање и обработување податоци и нивно прикажување по дискриминаторски основи |
| 3. Преземање на досегашната институционална меморија<br>4. Донесување на правилник за заштита на лични податоци | - Преземени се актите на Комисијата за заштита од дискриминација<br>- Донесен правилник за заштита на лични податоци |
| 5. Донесување на акт за службени легитимации | - Донесен акт за службени легитимации |
| 6. Мерење на квалитетот на актите | - Функционална алатка за прибирање мислења од граѓаните за работата на КСЗД |
| 7. Подготовка на интерни процедури за финансиско работење<br>8. Подготовка на интерни процедури за архивско работење | - Подготвени интерни процедури за финансиско работење<br>- Подготвени интерни процедури за архивско работење |
| 9. Изработка на функционална електронска архива | - Целосно електронско архивирање на работата на КСЗД |

| | |
|---|---|
| 10. Изработка на софтвери за ефикасност во работата<br>11. Софтвер за обработка на податоци и следење на случаи<br>12. Техничко опремување и опремување на просториите за работа | - Користење на современа хардверска и софтверска технологија во насока на унапредување на работата на КСЗД<br>- Целосно технички опремени простории |
| 13. Мерење на квалитетот на услугите од страна на корисниците | - Функционална алатка за прибирање мислења од граѓаните за работата на КСЗД |
